# УПАТСТВО ЗА КОРИСТЕЊЕ НА

# eZTI АПЛИКАЦИЈА

| **Изработено за:** | **Изработено од:** |
|---|---|
| Царинска управа | АСЕЕ МАКЕДОНИЈА |
| Верзија: 2.0 | |
| Датум: 13.06.2025 | |
| | |

# Содржина


1 Вовед ..... 3

2 Системски нотификации ..... 3

3 Страна за најава ..... 4

4 Внеси ново барање ..... 4

4.1 Основни податоци ..... 5

4.2 Дополнителни информации ..... 7

4.3 Други ЗТИ ..... 8

4.4 Прилог ..... 10

5 Пребарај креирани барања ..... 11

# 1 Вовед

Корисничкото упатство е наменето за надворешни корисници на eZTI апликацијата односно лица кои вршат креирање, поднесување барање и следење на постапката за ЗТИ барање. Упатството содржи детален опис на секоја од функционалностите на клиентскиот дел на eZTI апликацијата.




Слика 1

На слика 1.1 е прикажан прозорецот кој се отвара по најавата на системот. Во десниот горен агол (Приказот во синиот правоаголник) е прикажан корисникот кој е најавен во системот. Со клик на иконата корисникот добива листа од опции “Одјави се“ и “Корисничко упатство“. Од лева страна горниот агол се наоѓа менито на апликацијата. Барање за ЗТИ е паѓачка листа и елементите “Внеси ново барање“ и “Пребарај креирани барања“ се прикажуваат само кога таа е кликната.

# 2 Системски нотификации

Нотификациите (Слика 1.2 и 1.3) се алерт прозорчиња кои се појавуваат за време на некој настан во системот (неуспешна најава, обид да се зачува барање, генерирање на XML, потпишување, бришење и слично). Нивната цел е да му дадат до знаење на корисникот што се случува во системот и дали она што го има побарано од системот се има извршено.

Во системот има 3 различни нотификации :

- Нотификации со жолта боја - се појавуваат на страната за најава
- Нотификации со црвена боја - се појавуваат кога системот нема да изврши операција онака како што е очекувано (грешка нотификација)
- Нотификации со зелена боја - се појавуваат кога барањето е успешно извршено




Слика 2




Слика 3

# 3 Страна за најава

Преку оваа страна корисникот се најавува на апликацијата. На слика 1.4 е прикажан изгледот на страната за логирање.

Податоци кои се внесуваат:

- Корисничко име - Корисничко име со кое се најавува корисникот
- Лозинка




Слика 4

# 4 Внеси ново барање

Оваа функционалност служи за внес на ново ЗТИ барање, негова промена, како и функционалност за генерирање на xml и дигитално потпишување на xml од ЗТИ барањето. Оваа функционалност има 4 табови прикажани на сликата 2.1. Сите овие табови се поврзани и заедно ја сочинуваат целата функционалност. Има две почетни копчиња "ЗАЧУВАЈ" и "ОТКАЖИ". Со клик на "ОТКАЖИ" се излегува од функционалноста и се прикажува "Пребарај креирани барања" функционалноста. Во другиот случај со клик на "ЗАЧУВАЈ" се внесува нов запис за ЗТИ барање доколку се пополнети задолжителните полиња и е исполнета валидацијата. Доколку успешно е зачувано барањето за ЗТИ се прикажуваат копчињата "Зачувај измени", "Генерирај и потпиши XML" и "Откажи" (Слика 2.2). Со клик на  "Зачувај измени" се зачувуваат промените направени во ЗТИ барањето, додека при клик на ", "Генерирај и потпиши XML" се генерира и потпишува  XML. Со клик на "Откажи" се излегува од функционалноста и се прикажува "Пребарај креирани барања".

## 4.1 Основни податоци




Слика 2.1




Слика 2.2

Во овој таб се внесуваат следните податоци :

Основни податоци:

- Земја на примена - Системски се пополнува полето, можност само за читање
- Број на барање на подносител - текстуално поле за внес
- Датум на поднесување - системски се пополнува полето со можност за промена
- Извоз/Увоз - контрола за чекирање
- Јазик на кој се поднесува ЗТИ - системски се пополнува полето(default Македонски)
- Забелешка - текстуално поле

Подносител:

- Име на подносител - системски се пополнува полето
- Е-маил на подносител - системски се пополнува полето
- Телефонски број на подносител - текстуално поле за внес
- Број на факс на подносител - текстуално поле за внес
- TIN/EORI Данолен број на подносител - системски се пополнува полето

Имател:

- Име на имател - системски се пополнува полето

- Адреса на имател - системски се пополнува полето
- E-mail на имател - тескстуално поле за внес, задолжително за внес, валидација на mail
- Телефонски број на имател - текстуално поле за внес
- Број на факс на имател - текстуално поле за внес
- TIN/EORI Даночен број на имател - системски се пополнува полето

Застапник или претставник:

- Име на застапник - текстуално поле за внес
- Адреса на застапник - текстуално поле за внес
- E-mail на застапник - текстуално поле за внес
- Телефонски број на застапник - текстуално поле за внес
- Број на факс на застапник - текстуално поле за внес
- TIN/EORI Даночен број на подносител - текстуално поле за внес (дава грешка доколку даночниот број не постои)

Напомена. Може да се поднесе само дигитално потпишано барање. Се користи начинот за дигиталното потпишување преку digsig-signer апликацијата како и во сите други царински постапки.

## 4.2 Дополнителни информации




Слика 3

Во овој таб се внесуваат податоците:

Повторно издавање на ЗТИ:

- Земја - поле со автоматско комплетирање
- Ознака на земја - текстуално поле со можност само за читање(се пополнува со внес на полето Земја)
- Број - текстуално поле за внес
- Почетен датум на важност - поле за внес на датум
- Царинска номенклатура - поле со автоматско комплетирање
- Тарифна ознака - текстуално поле

Доколку едно од полињата е пополнето од групата мора сите полиња да бидат пополнети од истата (Слика 4).




Слика 4

Царинска номенклатура:

- Царинска номенклатура - поле со автоматско комплетирање , задолжително за внес

Вид на трансакција:

- Дали ова барање е поврзано со конкретен увоз или извоз ? - контрола за чекирање

Предложено распоредување:

- Тарифна ознака - текстуално поле за внес

Опис на стока

- Опис на стока - текстуално поле за внес

Трговски назив и дополнителни информации:

- Трговски назив и дополнителни информации - текстуално поле, задолжително за внес
- Доверливо - паѓачка листа

Мостри и друго:
Избор од повеќе опции од контроли за чекирање - можност за повеќе селектирани опции

## 4.3 **Други ЗТИ**

Во табот “Други ЗТИ“ се додава други ЗТИ при клик на “Додади“.




Слика 5

При клик на “Кликнете за да додадете нов“ се отвара дијалогот прикажан на слика 6.

Полиња кои се пополнуваат:

- Ознака на земја -системски се пополнува полето
- Издадена ЗТИ во друга земја- Земја на издавање на ЗТИ - поле со автоматско комплетирање, задолжително за внес
- Број на ЗТИ - текстуално поле
- ЗТИ број - текстуално поле, задолжително за внес
- Земја на поднесување на барањето - поле со автоматско комплетирање, задолжително за внес
- Зти важи од- Почетен датум на важност на ЗТИ - поле за внес на датум, задолжително за внес
- Место на поднесување на барањето - текстуално поле, задолжително за внес
- Тарифна ознака - текстуално поле, задолжително за внес
- Датум на поднесување на барањето - поле за внес на датум, задолжително за внес




Слика 6

Со клик на копчето "Зачувај" се зачувува други ЗТИ и се затвара дијалогот односно се оди во табот "Други ЗТИ". Додека со клик на откажи се излегува од дијалогот. Доколку има други ЗТИ се прикажува табела како на слика 7 (Функционалностите на табелата се објаснети во табот "Други ЗТИ апликации").




Слика 7

## 4.4 **Прилог**

Во овој таб се додава нов прилог.




Слика 8

Со клик на копчето "Кликнете за да додадете Нов" се отвара дијалогот прикажан на слика 16.

Полиња кои се пополнуваат:

- Земја на поднесување на барањето - системски се пополнува полето
- Доверливо - контрола за чекирање
- Број на приложен документ - текстуално поле, задолжително за внес
- Трговски назив и дополнителни информации - поле со автоматско комплетирање, задолжително за внес
- Ид на слика - системски се пополнува полето
- Опис на слика - текстуално поле за внес
- Пребарајте го документот - при клик на ова поле ви дава да прикачите документ (слика,pdf, docx), задолжително за внес

Копчето "Прегледај датотека" овозможува преглед на документот кој е поставен. Доколку нема поставено документ копчето е оневозможено. Копчињата "Зачувај" и "Откажи" се со истата функционалност како во другите табови наведени погоре.




Слика 9

Доколку е додадено прилог во табот "Прилог" се прикажува табела во која се гледаат сите прилози (Слика 17). Функционалностите на табелата се објаснети во табот "Други ЗТИ апликации".




Слика 10

# 5 Пребарај креирани барања

Оваа функционалност дава приказ на сите ЗТИ барања, пребарување, нивно филтрирање и едитирање (Слика 18). Во прозорецот има две копчиња “Пребарај“ и “Исчисти филтри“(означени со жолто). Со клик на “Пребарај“ пребарува според параметри внесени во формата (означени со сино), додека со клик на “Исчисти филтри“ ги брише параметрите внесени во формата за пребарување.

Податоци кои се пополнуват во формата :

- Број на барање на подносителот - текстуално поле за внес
- Период од - поле за внес на датум
- Статус на барање - паѓачка листа
- До - поле за внес на датум

Во функционалноста табеларно се прикажани сите ЗТИ барања или барањата од пребарувањата. Секој ред од табелата е линк, преку кој со клик се пренасочува на функционалноста Внес ново барање во делот за едитирање каде што барањето може да се едитира.




Слика 11